Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 08.02.2022

Денеска (08.02.2022), полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Ч.(62) од с.Љубанци, скопско. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени еден пиштол непозната марка и калибар, еден карабин непозната марка и калибар, 977 куршуми различен калибар, три ловечки патрони и една воздушна пушка. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 07.02.2022 во 23.55 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Р.(19) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2022 во 12.45 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Б.(37) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2022 околу 10.30 часот во тетовско Нераште, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода 45-годишниот Ш.Ш. од ова село, поради постоење основано сомнение дека претходниот ден од продажен објект во Тетово одзел пари и производи. Ш.Ш. бил приведен и задржан во Полициската станица Тетово, по што е спроведен во Казнено-поправната установа Затвор „Идризово" во Скопје.

На 07.02.2022 во 20.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.И.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2022 во 22.50 часот на подрачјето на Петровец, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.К.(23) од Кавадарци, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2022 во 14.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле пет малолетници од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 22 прекршоци, од кои 17 надвор од населено место и 5 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Истиот ден, во периодот од 08.00 до 12.00 часот спроведена е акциска контрола на возачи кои не почитуваат првенство на минување на пешаци. Притоа биле откриени и санкционирани 6 прекршоци. Санкционирани биле и 16 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за користење мобилен телефон и 5 за непропишно паркирање.

На 07.02.2022 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната. При контролата биле откриени 17 прекршоци кои биле соодветно санкционирани. На 07.02.2022 во периодот од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат предност на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани и санкционирани 6 прекршоци. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови.

На 07.02.2022 во периодот од 08.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат првенство на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани 7 прекршоци. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 07.02.2022 во 15.50 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Тошо Арсов" во Штип, товарно возило „митроен берлинго", со штипски регистарски ознаки, управувано од С.Т.(60) од Штип, удрило во пешакот П.М.(78) од Штип. Во несреќата пешакот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничка болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 07.02.2022 во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека во 17.30 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Гевгелија, патничко возило „санг јонг корандо", со велешки регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(70), удрило во пешакот С.К.(53), двајата од Гевгелија. Во несреќата С.К. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Гевгелија.

На 07.02.2022 во 16.20 часот во Полициската станица Центар, К.К.(78) од Скопје пријавил дека на ул.„Самоилова" бил каснат од куче скитник.

На 07.02.2022 во 19.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Илинден" и бул.„Св.Климент Охридски" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „шкода", управувано од Ј.Б.(38) од Скопје, патничко возило „фиат", управувано од Д.П.(45) од Скопје и патничко возило „киа", управувано од А.Т.(36) од Скопје, сите со скопски регистарски ознаки. Во незгодата со повреди се здобиле Ј.Б. и сопатникот од патничкото возило „шкода", Б.Љ.(35), констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.02.2022 во 14.50 часот во Полициската станица Центар, К.М.(52) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк бил каснат од куче скитник.

На 08.02.2022 во 11.20 часот на ул.„Козјак Планина" во Штип, полициски службеници од Полициската станица Штип, при контрола на патничко возило „рено" со приколка, управувано од Б.Г.(64) од Штип, пронашле огревни дрва без соодветна документација. Возилото и дрвата биле одземени и предадени на „Национални шуми" - Штип за понатамошна постапка.

На 07.02.2022 околу 21.30 часот на ул.„Илинденска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ја привеле 36-годишната С.А. од Република Албанија, поради нерегулиран престој на подрачјето. Албанската државјанка е задржана во Полициската станица Тетово за натамошна постапка.

На 07.02.2022 во СВР Битола, Б.Ш.(44) од с.Брусник, битолско, пријавил дека со тврд предмет било извршено оштетување на стакло од влезна врата на времен објект (киоск), кој го користел за продажба на свеќи и цвеќиња, лоциран на пат за црквата „Света Недела" во Битола. Полициски службеници презеле мерки и било утврдено дека сторителот е неговата поранешна сопруга, која во службен разговор со полициски службеници во Полициската станица Битола го признала делото и појаснила дека го сторила поради нивни меѓусебни недоразбирања. По целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена пријава по член 243 од Кривичниот законик.

ОВР Свети Николе поднесе кривична пријава Д.Б.(39) од Свети Николе, К.К.(68) од Скопје, М.Д.(38) од Скопје, Б.С.(65) од Свети Николе и Д.Ј.(53) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Во текот на 2015 и 2017, второ, трето, четврто и петпопријавениот преземале дејствија како архитект, ревизор и вработени во општина Свети Николе, и на препријавениот Д.Б. му овозможиле да изгради станбен објект во Свети Николе, спротивно на изводот од деталниот урбанистички план.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Ф.(41) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". Тој, на 19.01.2022 во угостителски објект во Охрид физички го нападнал Г.Б. од Охрид, по што, надвор од објектот, извршил оштетување на патничко моторно возило „опел инсигниа".

На 08.02.2022 во 01.45 часот во СВР Скопје, Ј.Н.(63) од Скопје, лице кое извршувало обезбедување на комплекс во с.Волково, пријавил дека додека бил на работното место, К.Л. физички го нападнал, оштетил две камери и одзел неколку предмети од просторијата за мониторинг. Увид бил извршен и по целосно расчистување на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Н.Б.(46) од Струмица, управител на правно лице од Струмица и против правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „даночно затајување". Пријавениот во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 не пресметал и не платил данок на личен доход во износ од 280.048 денари со 24.183 денари затезна камата за ненавремено плаќање, како и во периодот од 01.01.2019 до 30.09.2021 не пресметал и не платил 518.078 денари данок на додадена вредност, со што предизвикале штета на Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 822.309 денари.

На 07.02.2022 во 20.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Ф.Ј.(39) од Скопје пријавила дека околу 16.30 часот пред стан во зграда на подрачјето на Кисела Вода била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2022 во 12.30 часот во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека на ул.„157" од полициски службеници од СВР Скопје бил пронајден С.Р.(63) од Скопје, кој на 07.02.2022 бил пријавен дека се оддалечил од домот.

На 07.02.2022 во 19.45 часот во Полициската станица Гази Баба, В.Д.(51) пријавила дека околу 18.25 часот на подрачјето на Гази Баба нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.С.(30) од Гостивар, поради постоење основи на сомнеење за сторено кривично дело „фалсификување на исправа". Пријавениот А.С. кривичното дело го сторил во март 2015 година, на тој начин што обезбедил фалсификувана возачка дозвола од Република Северна Македонија, која ја употребил како вистинска во Сојузна Република Германија, заменувајќи ја за германска возачка дозвола.

На 07.02.2022 во Полициската станица Карпош било пријавено дека од Јавна установа Меѓуопштински центар за социјални работи се оддалечил Р.М.(14), кој и претходно во повеќе наврати се оддалечувал од установата и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Н.Б.(25) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 07.03.2021, пријавената противправно прибавила податоци од платежна картичка на В.К., по што во 15 наврати извршила интернет трансакција и нанела штета во износ од 14.808 денари.

На 08.02.2022 во 11.34 часот од полициски службеници од СВР Скопје лишен е од слобода Б.Ј.(52) од Скопје, кој во својот дом на подрачјето на Бутел со нож му нанел убодна рана на својот татко В.Ј.(75). Тој бил пренесен во ГОБ „Св.Наум Охридски" каде што од страна на лекар е констатирана е смрт. По документирање на случајот против сторителот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против К.Б.(51), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија" и „фалсификување исправа". Пријавениот, на Граничен премин „Табановце" приложил фалсификуван сертификат за вакцинација против Ковид-19.

На 07.02.2022 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продажен салон на мобилен оператор дел лица со закана кон вработениот одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.02.2022 околу 23.10 часот во Полициското одделение Петровец, Н.С.(32) од Скопје пријавила дека од семејната куќа во с.Марино се оддалечила нејзината керка Б.С.(15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 07.02.2022 во 17.10 часот во СВР Скопје, С.К. пријавил дека на автопатот Скопје-Велес лица кои биле со патничко возило „фолксваген голф" пукале кон возило во кое се превезувал тој. Повредени лица нема и нема оштетување на возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет